**ТД МАКОШПЕД АД**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 20 од Статутот на ТД Макошпед АД Скопје и член 383 од Законот за трговски друштва, Годишното Собрание на акционери на својата седница одржана на ден 20.05.2017 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

***за измена на Статут на Трговското друштво за меѓународна шпедиција,складишта,надворешно трговско работење,производство и промет МАКОШПЕД АД Скопје***

Се врши измена и дополнување на пречистениот текст на Статутот од 2016 година со архивски број 02-175-134/12 од 28.05.2016 год. на Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешно трговско работење, производство и промет ТД Макошпед АД Скопје и тоа:

**Член 1**

**Во член 42 ст.2 се врши измена** на бројот *„ 20% „* со бројот *„ 600.000,00 денари„* по бројот 600.000,00 денари и ставот завршува со точка. Зборовите *„ од сметководствената вредност на имотот „* **се бришат**.

**Член 2**

**Во чл.84 ст.1 се врши измена** по зборот *„ гласови„* се додаваат зборовите *„ од вкупниот број акции со право на глас„* и ставот завршува со точка. Зборовите *„ кое не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието„* **се бришат.**

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

*Годишното Собрание на акционери на ТД МАКОШПЕД АД - Скопје, на својата седница одржана на ден 20.05.2017 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото, донесе Одлука како во диспозитивот.*

**ГОДИШНО**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**Претседавач,**

______________________________

**Број 02-167-115/09**
**20.05.2017 година**